Целта на ревизијата е да даде оценка на нивото на имплементација на системот на ЈВФК во Република Македонија. Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде придонес кон откривање на визијата и стратегијата за воведувањето и развојот на ЈВФК, слабостите, неправилностите, пропустите во процесот на воведување и развој на системот за јавна внатрешна финансиска контрола во РМ, состојбата со човечките ресурси, финансиски средства, обезбедените обуки, како и активностите кои надлежните институции на централно и локално ниво ги преземаат за ефикасно, навремено воведување и примена на ЈВФК во Република Македонија, согласно тековната законска регулатива.
Од резултатите добиени со прелиминарните истражувања, информации и откриени ризици, собраната и анализирана документација возможно е да се поставаат повеќе суштински цели кои се предмет за ревизија на успешност, а од кои произлезе следната генерална цел:

**“Дали надлежните институции ги превземаат потребните активности за соодветно воведување и развој на јавната внатрешна финансиска контрола во Република Македонија?“**

Со ревизијата на успешност опфатени се следните области:

- Визија и стратегија за воведување на ЈВФК системите во РМ;
- Оценка и анализа на потребите за развој на ЈВФК системите, недостатоци и опкружување;
- Законска регулатива од областа;
- Имплементација на концептот на ЈВФК системите во институциите на национално и локално ниво;
- Координација и контрола на имплементацијата на ЈВФК системите.

Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка на потребата, визијата и анализа на опкружувањето т.е. условите во Република Македонија за воведување на концептот на ЈВФК системите, комплетноста и покриеноста на законската регулатива од областа, оценка на потребите за развој на стратегии за воведување на ЈВФК системите во Република Македонија, организациона поставеност, кадровска екипираност, функционирање на надлежното министерство за координација и имплементација на ЈВФК системите, одобрување, спроведување и следење на проекти преку кои се имплементираат ЈВФК системите, институции кои крајно ги воведе и кај кои се мерливи ефектите од воведени ЈВФК системи, следење и ефекти од примена на НПАА во поглавјето 3.32, оценка на степенот на имплементација на ЈВФК системите - тековно и други отворени прашања од соодветната област за кои ревизијата најде за потребно да ја спроведе и прошири ревизијата на успешност преку креирање на соодветна ревизорска програма и план. Нашата ревизија беше насочена и кон оценка на свесноста за ризиците во областа кај надлежните институции, алатки со кои се градат соодветни политики кај институциите кои се надлежни да ги исполнат поставените цели, поврзаност на преземените обврски во функција на исполнување на целите, нивото на воспоставен систем на ЈВФК заради ефикасно и

ефективно управување на финансиските средствата и други отворени прашања кои ги имавме во текот на ревизијата. Како резултат од нашите истражувања искажани се состојбите во поглавјата Основни податоци и Ревизорски наоди. Со ревизијата на успешност опфатен е периодот 2008 – 2010 година со одредени области и прашања кои се однесуваат на настани пред 2008 година како и настани случени по завршување на ревизијата. Ревизијата на успешност која ја спроведе ревизорска екипа од Државниот завод за ревизија е извршена активност, планирана и спроведена согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2010 година.

Ревизијата е извршена во периодот:

- Прелиминарни истражувања - октомври 2009 година и од 03.05 - 17.06.2010 година;
- Вршење на ревизијата - 01.07 - 30.07.2010 и 01.09.2010 - 15.11.2010 година;
- Анализа на резултати и изработка на Нацрт извештај - 15.11 – 15.12.2010 година.

Ревизијата на успешност е вршена во функција на надлежните институции со цел објективно презентирање на состојбите кај активностите преземени од страна на сите релевантни институции за воведување и развој на ЈВФК во РМ. Со оваа ревизија на успешност е опфатена област која до сега не била предмет на ревизија, а која претставува предмет од интерес на сите институции на локално и централно ниво како дел од системот на ЈВФК во РМ. Ревизорскиот опфат и применетата методологија во процесот на спроведување на ревизијата на успешност се подетално објаснети во Прилог 1 - Опфат и методологија од овој извештај.



*Ревизорска екипа* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________

*2.* ______________________ ______________________